Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 20.02.2023

Денеска (20.02.2023) во 03.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.И.(35) од Куманово. Тој се сомничи дека во февруари извршил три кражби од приватни имоти, при што одзел повеќе предмети. Е.И. бил задржан во полициска станица и во службен разговор ги признал извршените кривични дела. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.02.2023 околу 21.30 часот на улица „Душко Поповиќ" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода З.С.(47) од гостиварско Чегране. Тој се сомничи дека извршил две тешки кражби во куќи во населбата Дутлок, при што одзел повеќе предмети. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (20.02.2023) во 02.20 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Л.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2023 во 22.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2023 во 13.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ј.(27) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2023 во 16.30 часот на подрачјето на Карпош од полициски службеници од Полициската станица Карпош лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2023 во 20.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.К.(43) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.02.2023 околу 23.30 часот пред Домот на културата во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп ги лишиле од слобода М.Г.(18), Х.Ц.(18) и Н.Т.(20), сите од Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (19.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 517 возачи. Од нив 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 300 возила ја пречекорило брзината во населено место, а 217 надвор од населено место.

На 19.02.2023 во периодот од 10.00 до 18.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 197 пречекорувања на брзината, од кои 81 на подрачје на Струмица, 50 на подрачје на Радовиш, 37 на подрачје на Гевгелија и 29 на подрачје на Валандово. 122 прекршувања на брзината биле констатирани во населено место, а 75 надвор од населено место. Сите прекршоци биле соодветно санкционирани.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 149 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 64 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 19 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за нерегистрирани возила, четири за некористење сигурносен појас...

На 19.02.2023 во периодот од 00.00 до 05.00 часот спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 143 возачи. Од нив 26 на територија на СВР Битола, 19 на територија на СВР Скопје, 18 на територија на СВР Куманово...

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 239 возачи, од кои 186 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 39 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 10 за управување возило без возачка дозвола и 4 за нерегистрирано возило.

На 19.02.2023, во периодот од 24.00 до 05.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возачи кои ги управуваат возилата под дејство на алкохол. При контролата биле откриени и санкционирани 17 возачи кои управувале под дејство на алкохол (ТЕ-9 и ГВ-8). Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај и времено им се одземени нивните возачки дозволи, а изготвени им биле и соодветни поднесоци со законски предвидените парични глоби и забрани за управување од три месеци до една година, зависно од степенот на алкохолизираност. При контролата, исто така, со поднесоци биле санкционирани и 18 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-8), меѓу кои најчест прекршок бил управување без положен возачки испит и валидна дозвола (ТЕ-9 и ГВ-2).

На 19.02.2023 во 14.55 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат Чајле – Балиндол, патничко возило „опел" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 18-годишниот С.Е. од гостиварско Чајле, излетало од коловозот Во несреќата, возачот С.Е. се здобил со тешки, а неговиот сопатник со телесни повреди констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". Увид на местото извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 19.02.2023 во 13.05 часот во Полициската станица Аеродром, Р.С.(58) од Кичево пријавила дека на бул.„Видое Смилески Бато" била касната од куче скитник.

На 20.02.2023 Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Одделот за специјални полициски операции - ЕБР, под раководство на надлежен јавен обвинител од ОЈО Скопје, спроведе координирана полициска акција во Казнено-поправната установа Идризово Скопје. Во насока на превентивно делување, како и спречување на вршење на кривични дела во казнено-поправните установи, а како резултат на продлабочената меѓуинституционална соработка, извршени се претреси во КПУ Идризово, сè со цел пронаоѓање недозволиви или забранети предмети кај лица осуденици кои се на издржување казна затвор. Постапувајќи по наредби за претрес, издадени од Судија за претходна постапка, извршени се претреси во вкупно 14 ќелии и две соби во казнено-поправната установа, при што биле пронајдени: поголема сума на парични средства од законски дозволените кои осудените лица можат да ги поседуваат во различни апоени и валути, таблет, 11 мобилни телефони, повеќе парчиња галантерија за мобилни телефони, неколку остри предмети, прашкаста материја, која била одземена. Останатите пронајдени предмети за време на претресот ќе бидат предадени на затворска служба за понатамошна постапка.

На 19.02.2023 во 08.20 часот, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Блато го привеле А.С.(64) од с.Чегране, гостиварско. На граничниот премин Блато, при пасошка контрола на влез во државата, во патна исправа ставил пари и се обидел да даде поткуп на полицискиот службеник. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Р.(47) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на социјалната мрежа Фејсбук, по претходно објавен пост, објавил коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 19.02.2023 во 14.30 часот во Полициското одделение Сарај било пријавено дека во с.Љубин, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.З.(29) и Џ.А.(41), двајцата од истото село, затоа што А.З. фрлил пиротехнички средства во дворот на Џ.А.. Подоцна, околу 22.30 часот, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на А.З., при што биле пронајдени и одземени повеќе парчиња муниција различен калибар и еден пар лисици. Со него бил извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Р.(42) од струшкото село Теферич, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство". Тој, на 08.01.2023, во казино на магистралниот пат Струга-Ќафасан со пиштол упатил закани кон М.С.(57) од струшкото село Велешта, а потоа го оштетил службеното возило на казиното.

На 19.02.2023 во 20.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Г.Т.(48) од Скопје, затоа што физички ја нападнал неговата 77 - годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 19.02.2023 во периодот од 11.00 до 16.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на Охрид и Струга, полициските службеници затекнале 51 возач кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената (Охрид-35, Струга-16).

На 19.02.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Сопиште, скопско, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.Ј.(58) и И.А.(53), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава К.Н.(32), Б.Х.(31) и Ш.Х.(29), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување" и „фалсификување службена исправа". Првопријавениот, референт-матичар во Управата за водење на матични книги во Министерството за правда, по претходен договор со второ и третопријавениот, им изготвил и издал извод од матична книга на родени на име на нивното дете без да има доказ за уплатена административна такса за издавање на извод. Воедно, првопријавениот го изготвил изводот со невистинити податоци, односно во графата ЕМБГ вметнал веќе постоечки матичен број на малолетно дете од Тетово и со своерачен потпис и службен печат од Управата за водење на матични книги го заверил документот.

На 20.02.2023 околу 01.30 часот во Полициското одделение Арачиново било пријавено дека во с.Арачиново настанал пожар во патничко возило „пежо 206" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.М.. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Е.А.(56) и Р.В.(47), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „комар". На 08.01.2023, пријавените биле затекнати како во локал, кој првопријавениот го зел под закуп, организирале и наплаќале на присутните за играње на комар.

На 20.02.2023 во 00.40 часот во СВР Скопје, С.Д.(61) од Скопје пријавила дека на 19.02.2023 околу 22.15 часот на подрачјето на Центар две лица со употреба на физичка сила ѝ одзеле чанта. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.02.2023 во 03.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Сингелиќ, скопско, настанал пожар во патничко возило „пежо", сопственост на Е.Ј.(27) од с.Сингелиќ и патничко возило „бмв", сопственост на С.Ј.(31) од с.Сингелиќ. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против П.Н.(35) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 14.02.2023 на патниот правец Маркова нога - Макази, во близина на с.Грнчари, пријавената со патничко возило „фолксваген голф" не застанала на знак за запирање даден од полициски службеници и со возилото се обидела да ги удри полициските службеници.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет